Врз основа на член 384 од ЗТД и член 51 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, а во врска со Одлуката на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп за свикување на Годишно Собрание на Акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп до Акционерите на друштвото се објавува:

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/8-4
Прилеп 27.04 2023 год.

# ЈАВЕН ПОВИК

За свикување Годишно Собрание на акционери
на Тутунски комбинат АД Прилеп

Член 1

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, свикува Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп за ден 30.05.2023г.

Член 2

Собранието ќе се одржи во просториите на работничкиот ресторан при Тутунски комбинат АД Прилеп, локација ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп со почеток во 12.00 часот.

Член 3

За седницата на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се утврдува следниот :

## ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1. Избор на работни тела на собранието**

**а. Верификациона комисија од 3 члена**

**б. 1 бројач на гласови**

**2. Избор на претседавач на собрание на акционери**

**РАБОТЕН ДЕЛ**

**1.Разгледување и одобрување на годишниот извештај за работењето на Тутунски Комбинат АД Прилеп за деловната 2022г.**

***-предлог одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022г.***

**2.Одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022г.**

***-предлог одлука за одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022г.***

**3.Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извешати на Тутунски комбинат АД за деловната 2022г.**

***-предлог одлука за одобрување на извештајот на независниот ревизор за деловната 2022г.***

**4. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори:**

***- предлог одлуки за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп поединечно за следните членови: Кире Станкоски (извршен член), Татјана Стефаноска (извршен член), Ристе Ташев (извршен член)***

*Сретен Богоевски (неизвршен независен член) Златко Сарев (неизвршен член), Миле Велкоски (неизвршен независен член) и Абдула Бајрамоски ( неизвршен член).*

**5.Престанок на мандат на член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп поради истекување на мандат**

*- предлог одлука за престанок на мандат на членот на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп Абдула Бајрамоски*

**6. Избор на членови на Одобор на директори**
*- предлог одлука за избор на член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп*

**7.Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски Комбинат АД за деловната 2023г.**
*- предлог одлука за назначување на овластен ревизор*

**8. Донесување на одлука за изменување и дополнување на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп**
*-предлог одлука за изменување и дополнување на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп*

Секој акционер е должен своето присуство да го евидентира во седиштето на Друштвото на ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп, најкасно до почетокот на седницата на Собранието, односно до 12.00 часот.

Акционери кои поединечно или зеднички поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за точката за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието кое што е свикано се испраќа до Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во рок од 8 ( осум )дена, од денот кога е објавен Јавниот повик за одржување на седница на Собрание на друштвото, во еден дневен весник.

Акционерите можат да овластат полномошник на седница на Собрание со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај нотар.
Акционерот треба веднаш да го извести друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Сите информации во врска со точките на дневен ред акционерите можат да ги најдат на интернет страницата на друштвото www.tkprilep.com.mk.

Доставено:

- Претседател на Одбор на директори
- Генерален извршен директор
- Претседавач на Собрание на акционери
- Архива

Претседател
на Одбор на директори
Сретен Богоевски

---------------------------

"Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7